Министерството за финансии врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 3, став 8 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 став 1 точка 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, објавува

ОГЛАС БРОЈ 13/2026 ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии објавува оглас за вработување на три (3) лица на определено време, заради привремено зголемен обем на работа, за период од една година, на следните работни места, и тоа:

1. Помлад соработник за првостепена управна постапка, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Тетово, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – (1 извршител);

Потребни квалификации:
Општи услови:
- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

Посебни услови
Стручни квалификации, и тоа:
- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, општествени науки - право, економија и бизнис или политички науки (јавна администрација);
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Распоред на работно време:
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

Основна нето плата: 33.478,00 денари.

2. Виш соработник за одржливо и ефикасно користење на имотот, Одделението за одржливо користење на имотот, Сектор за развој и управување, Управа за имотно правни работи – (1 извршител);

Потребни квалификации:
Општи услови:
- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

Посебни услови
Стручни квалификации, и тоа:
- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, високо образование;
- две години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);

Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ministria e Financave
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev“ nr.12, Shkup
+389 2 3255 634
www.finance.gov.mk

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Распоред на работно време:
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

Основна нето плата: 36.172,00 денари.

3. Помлад соработник за прием и обработка на барања за плаќање и друга документација во трезорски канцеларии - Скопје, Одделение за регионално трезорско работење, Сектор за трезор – (1 извршител);

Потребни квалификации:
Општи услови:
- да е полнолетен
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо

Посебни услови
Стручни квалификации, и тоа:
- ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, општествени науки - економија и бизнис или право;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Распоред на работно време:
дневно работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот, неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;

Основна нето плата: 33.478,00 денари.

Заинтересираните кандидати треба да достават докази за исполнување на условите што се бараат за работното место на кое аплицираат, односно: кратка биографија – CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса; фотокопија од доказ за завршено образование кое се бара за работното место; потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија и/или Преглед од ПИОМ како доказ за бараното работно искуство; фотокопија од уверение за државјанство; фотокопија од доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и фотокопија од доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

Министерство за финансии
ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
(со назнака „за оглас за вработување“)

На ковертот да се наведе бројот на огласот и бројот на работното место на кое се аплицира, со напомена: „Не отворај“.

Рокот за доставување на потребната документација е три (3) работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

По разгледување на поднесените пријави, кандидатите кои имаат уредна документација ќе бидат повикани за дополнителна селекција во просториите на Министерството за финансии.

Министерството за финансии ќе изврши избор во рокот пропишан согласно со член 23 став 2 од Законот за работните односи.

Лица за контакт:
Кимет Куртиши - тел. 02/ 3255 634; kimet.kurtisi@finance.gov.mk
Арѓира Јашари-Мерсими – 02/ 3255-440; argira.jashari-mersimi@finance.gov.mk